# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ЗЕЛС
BNJVL

ЗАЕДНИЦА
НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА
САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
**ЗЕЛС**

BASHKËSIA
E NJËSIVE TË
VETËQEVERISJES
LOKALE TË
REPUBLIKËS
SË MAQEDONISË
**BNJVL**




## Огромни финансиски предизвици во спроведувањето на надлежностите во образованието

## Sfida tejet të mëdha financiare në zbatimin e kompetencave në arsim




## Граѓаните - фокус на урбаното мобилно планирање

## Qytetarët- në fokus të planifikimit urban





ЈУЛИ 2018
KORRIK 2018

www.zels.org.mk



Почитувани,

Управниот одбор на ЗЕЛС ја одржа шестата седница, каде една од клучните точки на дневниот ред беше разгледувањето на финансиските предизвици со кои се соочуваат локалните власти во областа на образованието, а посебен акцент беше ставен и на долговите за превозот на учениците. На седницата присуствуваше и министерот за образование и наука, Арбер Адеми. Беше констатирано дека станува збор за алармантна состојба, бидејќи голем број на општини се соочуваат со огромни наталожени долгови на училиштата. Управниот одбор формираше работната група, составена од градоначалници и претставници од МОН, со задача да бидат предложени најсоодветни решенија за надминување на овие состојби. Работната група се состана и донесе предлози за краткорочни и за долгорочни мерки. Пред сè беше предложено, Владата на Република Македонија под итно да ги сервисира долговите на општините кои се со блокирани сметки и кои не можат да ги извршуваат своите надлежности, како и долговите на образовните институции со блокирани сметки. За понатаму да не може повторно да се генерираат нови долгови беа предложени одредени иницијативи за законски измени и донесување на правилници, особено во делот на уредувањето на превозот на учениците. Овие предлози ЗЕЛС во писмена форма ги достави до Претседателот на Владата на Република Македонија и до министрите: за образование и наука, за транспорт и врски и за финансии, со барање итно да бидат прифатени.

Во месец јули ЗЕЛС реализираше и други активности. Комисијата за финансирање при ЗЕЛС ја одржа втората седница на која беа разгледани повеќе предлог-уредби за блок дотациите за локалните власти, за 2019 година. Беше констатирано дека немаат забелешки на досега користената методологија, но посочија дека е потребно зголемување на вкупниот износ на средствата од блок дотациите и тоа по сите области. Во просториите на ЗЕЛС беше одржана и 32-та седница на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на единиците на локалната власт, на која претседателот на Комисијата, Аце Коцевски, посочи на потребата од преиспитување на ефектите од досегашниот концепт на организираност на имплементирањето на децентрализацијата на власта во земјава, како и подготовка на компаративна анализа на организираноста на овој систем во земјите од ЕУ и од регионот.

Во месец јули, беше спроведен теоретски и практичен испит за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште за претставниците од локалната власт. Испитот го организираше ЗЕЛС, во соработка со Министерството за транспорт и врски на Република Македонија (МТВ). Заклучно со овој испит, со лиценца се стекнат 167 претставници од општините. Се планира кон крајот на месец август, или почетокот на септември, 2018 година, Комисијата да објави оглас за нов циклус на пријавување на кандидати од општините.

Во овој месец во ЗЕЛС тренинг центарот беа организирани и повеќе средби и работилници, меѓу кои беа работилниците на членовите на Мрежата за човечки ресурси (УЧР) и на Мрежата на лица за односи со јавноста во локалната власт.

Со почит,

**Душица Перишиќ**

**Извршен директор на ЗЕЛС**

Të nderuar,

Bordi drejtues i BNJVL-së, mbajti seancën e gjashtë ku një ndër pikat kryesore të rendit të ditës ishte shqyrtimi i sfidave financiare me të cilat ballafaqohen pushtetet lokale në lëminë e arsimit, ndërsa theks i veçantë i'u vendos edhe borxheve për transport për transport të nxënësve. Në seancë morri pjesë edhe ministri për arsim dhe shkencë, Arbër Ademi. U konstatua se bëhet fjalë për një gjendje alarmante, pasi që një pjesë e madhe e komunave ballafaqohen me borxhe të mëdha të grumbulluara të shkollave. Bordi drejtues formoi Grup punues të përbërë nga kryetarët e komunave dhe përfaqësuesit e MASH, me detyrë të propozohen zgjidhje më adekuate për tejkalimin e këtyre gjendjeve. Grupi punues mbajti mbledhje dhe miratoi propozime për masa afatshkurte dhe afatgjate. Para se gjithash u propozua, Qeveria e Republikës së Maqedonisë, urgjentishgt t'i servisojë borxhet e komunave të cilat janë me llogari të bllokuara dhe të cilat nuk mund të kryejnë kompetencat e tyre, si dhe borxhet e institucioneve arsimore me llogari tl bllokuara. Që mëtej të mos përsërtitet të gjenerohen borxhe të reja u propozuan iniciativa të caktuara për ndryshime dhe plotësime ligjore dhe miratim i rregulloreve, veçanërisht në pjesën e rregullimit të transportit të nxënësve. Këto propozime BNJVL në formë të shkruar t'i parashtrojë te Kryetari i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë dhe te ministrat lidhur me arsimin dhe shkencën, për transport dhe lidhje dhe për financa, me kërkesë që urgjentisht të jenë të pranuara.

Në muajin korrik BNJVL realizoi edhe aktivitete tjera. Komisioni për financa në kuadër të BNJVL-së mbajti seancën e dytë në të cilën u shqyrtuan shumë propozim rregullore për bllok dotacionet për pushtetet lokale, për vitin 2019. U konstatua se nuk kanë vërejtje ndaj metodologjisë së shfrytëzuar, por përmendën se është e nevojshme rritje e shumës së përgjithshme të mjeteve të bllok dotacioneve dhe të mbi të gjitha lëmenjtë. Në hapësirat e BNJVL-së u mbajt edhe seanca e 32-të e Komisionit për ndjekje dhe zhvillim të sistemit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale, në të cilën kryetari i Komisionit, Ace Kocevski përmendi se është e nevojshme rishqyrtim i efekteve nga koncepti i deritanishëm i organizimit të implementimit të decentralizimit të pushtetit në vend si dhe përgatitja e analizës komparative të organizimit të sistemit në vend nga BE dhe nga rajoni.

Në muajin korrik, u zbatua provimi teorik dhe praktik për mbajtjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore shtetërore për përfaqësuesit e pushtetit lokal. Provimin e organizoi BNJVL në bashkëpunim me Ministrinë për transport dhe lidhje të Republikës së Maqedonisë (MTL). Përfundimisht me këtë provim, licencë morrën 167 përfaqësues të komunave. Planifikohet nga fundi i muajit gusht ose fillimi i shtatorit, 2018, Komisioni të shpall konkurs për ciklin e ri të paraqitjes së kandidatëve nga komunat.

Në këtë muaj në Qendrën e trajnimeve të BNJVL-së u organizuan edhe më shumë mjete dhe punëtori midis të cilave punëtoritë e anëtarëve të Rrjetit për resurse njerëzore (MRNJ) dhe i Rrjetit të personave për marrëdhënie me publikun në pushtetin lokal.

Me respekt,

**Dushica Perishiq**

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994

ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,

1000 Скопје, Република Македонија

**Извршен директор на ЗЕЛС:**

Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**

Ардита Дема-Мехмети

**Подготвила:**

Весна Арсовска-Динковска

**Превод:** Арта Абази, Валентина Трајко

**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје

**Дизајн и подготовка:** ПОИНТЕР ДОО Скопје

**Печатење:** Чокографија ДООЕЛ Скопје

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994

rr. „Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup,

Republika e Maqedonisë

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**

Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**

Ardita Dema – Mehmeti

**Përgatiti:**

Vesna Arsovska-Dinkovska

**Përkthim:** Arta Abazi, Valentina Trajko

**Lektoron:** Moment Mal, Shkup

**Dizajnim dhe përgatitje:** POINTER SHPK, Shkup

**Shtyp:** Çokolografija, Shkup

## КОМИСИЈАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ПРИ ЗЕЛС ЈА НАГЛАСИ ПОТРЕБАТА ОД ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЛОК ДОТАЦИИТЕ

Комисијата за финансирање при ЗЕЛС на 4 јули, 2018 година во просториите на ЗЕЛС ја одржа втората седница на која беа разгледани повеќе предлог уредби за блок дотациите за локалните власти, за 2019 година. Присутните истакнаа дека не се направени никаква промена на критериумите во однос на минатите години и дека немаат забелешки на досега користената методологија, но посочија дека е потребно зголемување на вкупниот износ на средствата од блок дотациите и тоа по сите области. Особено беше потенцирана состојбата во образованието, каде речиси сите општини кои имаат надлежности за средно, но и за основно образование, во изминатиот период генерираа долгови при спроведувањето на оваа надлежност, особено во делот за превоз на учениците.

Потоа, членовите на Комисијата ги усвоија: Предлог – уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите од областа на културата во 2019 година; Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за основното образование по општини за 2019 година; Предлог – уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за средното образование по општини и градот Скопје за 2019 година; Предлог – уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца – детски градинки по општини за 2019 година и Предлог –уредбата за распределба на блок дотации за домови за стари лица за 2019 година.

Претседателот на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС, градоначалникот на Општина Велес, Аце Коцевски, посочи дека е потребно да започнат средби со централната власт, каде ќе се презентираат неодамна усвоените „Систематизирани ставови на ЗЕЛС", а пред сѐ, ставовите кои се однесуваат на заложбите за обезбедување на поголема финансиска стабилност на општините, односно за потребата од преиспитување и создавање на услови за објективен, правичен, транспарентен систем за финансирање на општините и обезбедување на доволно финансиски средства за помалите и посиромашните општини кои континуирано имаат мали даночни капацитети, а големи фискални потреби. Во нив е утврдено и барањето за одржување на квартални средби помеѓу претседателот на Владата и министрите чии министерства трансферираат блок дотации, наменски дотации и капитални дотации

## KOMISIONI PËR FINANCIM NË KUADËR TË BNJVL-SË THEKSOI NEVOJËN NGA RRITJA E BLLOK DOTACIONEVE

Komisioni për financim të BNJVL-së më 4 korrik të vitit 2018, në hapësirat e BNJVL-së mbajti seancën e dytë në të cilën u shqyrtuan disa propozim – rregullore për bllok dotacione për pushtetet lokale, për vitin 2019. Të pranishmit theksuan se nuk është kryer asnjë ndryshim të kritereve në lidhje me vitet e kaluara dhe nuk kanë vërejtje mbi metodologjinë e përdorur deri tani, por potencuan se nevojitet rritje të vlerës totale të mjeteve nga bllok dotacionet për të gjitha fushat. Posaçërisht u theksua gjendja në arsim, ku pothuajse të gjitha komunat që kanë kompetenca për arsimin e mesëm dhe fillor, në periudhën e kaluar gjenerojnë borxhe për zbatimin e kësaj kompetence, veçanërisht në pjesën e transportimit të nxënësve.

Siç vijonte komisioni miratoi: Propozim – Rregulloren për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarje të bllok dotacioneve dedikuar fushës së kulturës për vitin 2019, Rregulloren për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarje të bllok dotacioneve dedikuar arsimit fillor për komunë për vitin 2019, Propozim – Rregulloren për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarje të bllok dotacioneve dedikuar arsimit të mesëm për komunë për vitin 2019, Propozim – Rregulloren për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarje të bllok dotacioneve dedikuar institucioneve publike për fëmijë – kopshte për fëmijë për komunë për vitin 2019 dhe Propozim – Rregulloren për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për shpërndarje të bllok dotacioneve dedikuar shtëpive për të moshuar për vitin 2019.

Kryetari i Komisionit për financim të BNJVL-së dhe Kryetar i komunës së Velesit, Ace Kocevski theksoi se duhet të fillojnë takimet me pushtetin qendror, në të cilat do të prezantohen ,,Qëndrimet të sistematizuara të BNJVL-së" të miratuara para ca kohe, në veçanti qëndrimet që i dedikohen mundimeve për të siguruar qëndrueshmëri financiare më të madhe të komunave, respektivisht për nevojën e rishikimit dhe krijimit të kushteve për sistem objektiv, të drejtë, transparent për financim të komunave dhe sigurim të mjeteve të mjaftueshme financiare për komunat më të vogla dhe më të varfra të cilat në vazhdimësi kanë kapacitete të vogla tatimore, ndërsa nevoja të mëdha fiskale. Në to është përcaktuar edhe kërkesa për mbajtjen e takimeve kuartale midis kryetarit të Qeverisë dje ministrive të cilat transferojnë bllok dotacione, dotacione me dedikim dhe dotacione kapitale për NJVL,





за ЕЛС, како и барањето за востановување на „буџетски преговори" помеѓу централната власт и ЗЕЛС, кои би започнувале во септември во тековната година, кога се подготвува буџетот на Република Македонија. Генерално во ставовите се продолжува со лобирањето за етапно зголемување на дотациите од ДДВ на 10% и од приходите за општините од персоналниот данок на лични примања од плати на физички лица на 50%, а се бара и 50% од данокот на добивка на фирмите регистрирани на територија на општината. Данокот од игри на среќа и автомати да биде приход на општините. Исто така, стапката на данокот на имот, како најсигурен и најправичен локален данок, етапно да се зголеми од 0,10 % - 0,20 % на 0,40 % - 0,50%. Итно да се изнајде прифатливо, поволно и правично решение за деблокирање на блокираните сметки на ЕЛС и раздолжување на ЕЛС од старите долгови со обезбедување на меки заеми со ниски каматни стапки и рок на отплата од 20 години. Во „систематизираните ставови" е и брањето за обезбедување на значително повеќе средства за капитални проекти, а сегашните расцепкани капитални дотации да се интегрираат во една единствена капитална дотација.

si dhe kërkesën për vendosjen e ,,bisedimeve buxhetore" midis pushtetit qendror dhe BNJVL-së, të cilat duhet të fillojnë në shtator në vitin në rrjedhë, kur përgatitet Buxheti i RM-së. Në përgjithësi në qëndrimet vazhdohet me lobimin për rritje në etapa të dotacioneve nga TVSH në 10% dhe nga të hyrat e komunave nga tatimi personal të të hyrave personale nga rrogat e personave fizikë në 50% ndërsa kërkohet edhe 50% nga tatimi i përfitimit të firmave të regjistruara në territorin e komunës. Tatimi nga lojërat e fatit dhe automatet të jetë e hyrë e komunave. Gjithashtu shkalla e Tatimit të pronës si tatim më i sigurt dhe më i drejtë tatimi lokal në etapa të rritet nga 0,10 % - 0,20 % në 0,40 % - 0,50 %. Urgjentisht të gjendet zgjidhje e pranueshme, e volitshme dhe e drejtë për zhbllokimin e llogarive të NJVL dhe kthimi i borxheve të vjetra nga ana e NJVL me sigurimin e huave me normave të uleta të interesit dhe afat të pagesës prej 20 vitesh. Në ,,Qëndrimet e sistematizuara" por edhe në kërkesën për sigurimin e mjeteve dukshëm të rritura për projektet kapitale, ndërsa dotacionet e ndara kapitale të integrohen në një dotacion të vetëm kapital.

## КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ ГИ УСВОИ ПРЕДЛОГ-УРЕДБИТЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИТЕ ЗА 2019 ГОДИНА

Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на единиците на локалната власт, на 4 јули, 2018 година, ја одржа 32-та седница. На седницата беа разгледани и усвоени предлог - уредбите за методологиите за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите: за култура; за основно и за средно образование; за градинките и за домови за стари. На оваа средба, членовите од ЗЕЛС ги поканија и претставниците од донаторските организации, присутни во Република Македонија, кои поддржуваат проекти од областа на локалната самоуправа.

Претставничката од МОН посочи дека за следната година е предвидено зголемување на блок дотациите за образование и дека во формулата нема поголеми промени, освен одредени подобрувања во финансирањето предвидено за децата со посебни потреби. Според анализите, од утврдените средства во основното образование, 84% ќе се потребни за исплата на платите на наставниците, а во средното образование повеќе од 70% за платите и 20% за превоз на учениците. Со оглед на континуираното намалување на бројот на ученици, од МОН препорачаа општините посериозно да пристапат кон спроведување на рационализација на општинските училишни мрежи, преземање на мерки на заштеда на енергија, подготовка на поиздржани јавни набавки за превоз на учениците и слично.

Претседателот на Комисијата за финансирање, Аце Коцевски, посочи дека недостатокот на финансиски средства во сите блок дотации е евидентен, а особено во образованието, каде независно и од заложбите за „домаќинско работење" на општините, средствата

## KOMISONI PËR NDJEKJEN E ZHVILLIMIT TË SISTEMIT PËR FINANCIM TË KOMUNAVE MIRATOI PROPOZIM-RREGULLORET PËR NDARJEN E BLLOK DOTA CIONEVE PËR VITIN 2019

Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale, më 4 korrik të vitit 2018, mbajti seancën e 32-të të radhës. Në këtë seancë u shqyrtuan dhe miratuan propozim rregulloret mbi metodologjitë për përcaktim të kritereve për shpërndarje të bllok dotacioneve dedikuar kulturës, arsimit fillor dhe të mesëm, kopshteve dhe shtëpive për të moshuarit. Në takimin në fjalë, anëtarët e BNJVL-së i ftuan edhe përfaqësuesit e organizatave donatore të pranishme në Republikën e Maqedonisë, që përkrahin projekte në fushën e vetëqeverisjes lokale.

Përfaqësuesja e MASH-it theksoi se për vitin që vjen është paraparë rritje të bllok dotacioneve për arsim, dhe po ashtu në formulën ekzistuese nuk ka ndryshime të mëdha përveç disa përmirësimeve në financimin dedikuar për fëmijët me aftësi të kufizuara. Sipas analizave nga mjetet e përcaktuara për arsimin fillor, 84% prej tyre do të nevojiten për të paguar pagat e mësuesve, kurse për arsimin e mesëm më shumë se 70% prej tyre do të nevojiten për pagat dhe 20% për transportimin e nxënësve. Duke e marrë parasysh faktin se numri i nxënësve vazhdimisht zvogëlohet, nga MASH theksuan se komunat duhet të qasen më seriozisht drejt zbatimit të racionalizimit të rrjeteve shkollore komunale, ndërmarrjes së masave për kursimin e energjisë, përgatitja e furnizimeve publike më të qëndrueshme për transportim të nxënësve dhe të tilla.

Kryetari i Komisionit për financim, Ace Kocevski theksoi se mungesa e mjeteve financiare në të gjitha bllok dotacionet është e dukshme, dhe kjo më së shumti në fushën e arsimit, ku pavarësisht mundimeve për „punë kursimtare" nga ana e komunave, prapë së prapë mjetet nuk mjaftojnë







не се доволни за спроведување на надлежностите. Во таа насока, тој посочи дека треба да се пристапи кон преиспитување на ефектите од досегашниот концепт на организираност на имплементирање на децентрализацијата на власта во земјава, како и да се изготви компаративна анализа на организираноста на овој систем во земјите од ЕУ и од регионот, чии добри искуства може да послужат како основа од каде ќе се предлагаат идните препораки за ревидирање на досегашниот концепт на организираност на локалното владеење. Всушност тоа беше и причината што на состанокот беа поканети претставници од странските донаторски организации од кои беше побарана поддршка околу изработката на вакви квалитетни анализи. Со оглед на краткиот рок на закажување на седницата, присуствуваа само претставници од УНДП и од Светска банка кои ги презентираа нивните актуелните проекти во земјава, досега подготвените анализи во оваа насока и можностите за ваква поддршка. Беше констатирано дека досега се анализирале повеќе расцепкани сегменти од локалното владеење, па затоа е потребена пообемна анализа која ќе даде еден сеопфатен пресек на досегашните позитивни страни, но и на слабостите, како и препораки за понатамошниот развој на организираноста на локалната власт во земјава.

Со Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините заседава градоначалникот, Аце Коцевски, а од вкупно девет членови, пет се претставници од ЗЕЛС, останатите се по еден претставник од министерствата: за локална самоуправа, за финансии, за образование и наука и за труд и социјална политика.

për zbatimin e kompetencave. Në këtë drejtim, ai potencoi se duhet të qaset drejt rihulumtimit të efekteve nga koncepti i deritanishëm i organizimit të implementimit të decentralizimit të pushtetit në vend, si edhe të përpilohet një analizë krahasuese të organizimit të këtij sistemi në vendet e BE-së dhe në rajon, përvojat e mira e të cilave mund të shërbejnë si bazë nga do të ofrohen rekomandimet e ardhshme për revidim të konceptit të deritanishëm të organizimit të pushtetit lokal. Konkretisht kjo ishte arsyeja për të cilën ishin ftuar në takim edhe përfaqësues të organizatave donatore të huaja, nga të cilët u kërkua përkrahje rreth përpilimit të analizave të tilla cilësore. Duke e marrë në konsideratë afatin e shkurtër për caktimin e datës së takimit, në të njëjtën morrën pjesë vetëm përfaqësues të UNDP-së dhe Bankës Botërore. Ata prezantuan projektet e tyre aktuale që implementohen në vendin tonë, si edhe analizat e kryera në këtë drejtim dhe mundësitë për të ofruar përkrahje të tillë. U konstatua se deri tani janë analizuar disa segmente të ndara nga pushteti lokal, prandaj nevojitet të zhvillohet një analizë më të gjerë, e cila do të japë një pasqyrë gjithëpërfshirëse të anëve pozitive deri më tani, por edhe të atyre negative ose mangësive dhe më në fund rekomandime për zhvillimin e mëtejshëm të organizimit të pushtetit lokal në vend.

Me Komisionin për ndjekje të zhvillimit të sistemit për financim të komunave kryeson kryetari Ace Kocevski, ndërsa prej gjithsej nëntë anëtarëve, pesë janë përfaqësues të BNJVL-së, të tjerët janë me nga një përfaqësues nga ministritë: për vetëqeverisje lokale, për financim, për arsim dhe shkencë dhe për punë dhe politikë sociale.

## РАБОТИЛНИЦА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД УЧР МРЕЖАТА ПРИ ЗЕЛС ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРАВИЛНИЦИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТЕЊЕТО НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ЕДИНИЦИ

Изработување на ,,Правилник за постапката за управување со ефектот на вработените во ТППЕ“ и ,,Правилник за исплата на плати“, како и утврдување на критериуми при постапка за вработување на пожарникари, беше темата на работилницата што се одржа на 10 јули, 2018 во ЗЕЛС тренинг центарот, на која учествуваа членовите на Мрежата за човечки ресурси (УЧР) при ЗЕЛС. Присутните разгледуваа вакви предлог-документи изработени од лица од УЧР од неколку општини, кои претставуваа основа за развивање на дискусијата која се одвиваше во насока како општините, кои на својата територија имаат ТПП единици, да подготват најадекватни правилници.

Се дискутираше за спроведувањето на постапката за вработување на пожарникарите, за утврдувањето на критериумите при вработувањето и оценувањето, со цел обезбедување на квалитетни кандидати, а потоа и за потребата од утврдување на континуирано надградување на знаењата и вештините на пожарникарите. Присутните посочија дека не може да се обезбеди потребна литература за образување на вакви кадри, по што се дискутираше за можностите за дообучување, но и за тоа кој треба да ги покрие финансиските трошоци за овие активности. Се говореше и за начинот на систематизација на работните места за пожарникари, како и за прашањето дали е неопходно да се формира посебно одделение за заштита и спасување во кое би се вброиле и ТППЕ и дали општините

## PUNËTORI TË PËRFAQËSUESVE TË RRJETIT TË BNJVL-SË PËR MRNJ DEDIKUAR PËRGATITJES SË RREGULLOREVE MBI PUNËN E NJËSIVE ZJARRFIKËSE

Përpilimi i ,,Rregullores për procedurën e menaxhimit të efektit të të punësuarve në NJTZF“ dhe ,,Rregullores për pagimin e rrogave, procedurën dhe kriteret për punësim të zjarrfikësve“ ishte tema e punëtorisë që u mbajt më 10 korrik të vitit 2018, në Qendrën e trajnimeve të BNJVL-së dhe në të njëjtën morrën pjesë anëtarët e Rrjetit të resurseve njerëzore (MRNJ) pranë BNJVL-së. Të pranishmit shqyrtuan propozim dokumente të këtilla të përpiluara nga personat për MRNJ nga disa komuna, të cilët ishin baza për zhvillim të diskutimit në drejtim që komunat me njësi TZF në teritorret e tyre të përgatisin rregullore më adekuate.

Gjithashtu u diskutua për zbatimin e procedurës për punësim dhe vlerësim të zjarrfikësve, me qëllim sigurimi i kandidatëve më cilësorë dhe më pas për nevojën e përcaktimit të avancimit të vazhdueshëm të aftësive dhe njohurive të zjarrfikësve. Të pranishmit theksuan se nuk mund të sigurohet literatura e duhur për arsimimin e këtyre kuadrove, prandaj u diskutuan mundësitë për trajnim shtesë të tyre, si edhe kush duhet të mbulojë shpenzimet financiare për zhvillimin e këtyre aktiviteteve. U diskutua edhe mënyra e sistematizimit të vendeve të punës për zjarrfikës, si edhe çështja nëse është e nevojshme të formohet një departament të veçantë për mbrojtje dhe shpëtim, ku mund të përfshihen edhe NJTZF-të, dhe në këto raste a do të fitojnë komunat









во таков случај би добиле согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

На крајот од работилницата присутните посочија дека се разјаснети многу нејасни прашања поврзани со правилното изготвување на овие правилници. Дискусијата ќе придонесе за обезбедување на одредена унифицираност при подготовката на правилниците во општините, особено во делот на утврдувањето на постапки што се опфатени во оваа област, а ќе придонесе и за надминување на разликите и неусогласеностите меѓу општините при исплата на плати за вработените во ТППЕ, како и во начинот на организираноста на овие единици. Присутните дискутираа во насока на потребата од изедначување на постапките за вработување на пожарникарите и начинот на нивното селектирање и избор, како и за надминување на проблемот со доставените тужбени барања од страна на пожарникарите. Исто така, беше истакнато дека општините кои сè уште немаат изготвено вакви документи треба да пристапат кон нивна изработка.

На крајот од работилницата беше договорено следна средба да се одржи кон крајот на втората половина на месец август, кога помала работна група од членовите на Мрежата за УЧР во соработка со претставници од Мрежата на ТППЕ, при ЗЕЛС ќе подготвуваат своевидни модели на овие правилници.

## ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОГОЛЕМА ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА ТППЕ И НА ПОЖАРНИКАРИТЕ

Во просториите на ЗЕЛС, на 12 јули, 2018 година, членовите на Мрежата на територијални противпожарни единици (ТППЕ) одржаа средба на која дискутираа за актуелните состојби и предизвиците со кои се соочуваат овие единици. Од страна на претставниците од ТППЕ, со поддршка на претставниците на Синдикатот на пожарникари на Република Македонија, беше иницирана потреба за посериозни законски измени во оваа област, со цел овозможување на ефикасност и безбедност при противпожарното делување во земјава.

Присутните истакнаа дека со измените и дополнувањата на Законот за пожарникарството од 2016 година, се изврши конечно јасно утврдување на статусот на професионалните пожарникари вработени во територијалните противпожарните единици, како и јасни критериуми за кариерен развој, вработување и егзактна листа на овластувања. Покрај ова, конечно беше утврдена и организационата поставеност на територијалните противпожарни единици во внатрешната организација на локалните самоуправи, со што беше изведено и заокружување на процесот на поврзување на заштитата и спасувањето и пожарникарството и на функционално ниво во рамките на општините и градот Скопје. Сепак, постојат уште низа предизвици во локалната власт околу начинот на систематизација на работните места на пожарникарите, како и околу донесувањето на правилници за постапката за управување со ефектот на вработените во ТППЕ, за исплата на платите, како и за утврдување на критериуми при постапката за вработување на пожарникарите.

Присутните особено посочија на предизвиците околу материјалното-техничкото обезбедување, застареноста на опремата на пожарникарите, на возилата и на

aprovim nga Ministria për shoqëri informatike dhe administratë.

Gjatë përfundimit të punëtorisë, të pranishmit theksuan se janë qartësuar shumë çështje të paqarta lidhur me përpilimin adekuat të këtyre rregulloreve. Diskutimi do të kontribuojë në sigurimin e unifikimit të caktuar të komunave gjatë përgatitjes së rregulloreve, posaçërisht në pjesën e përcaktimit të procedurave që përfshijnë këtë fushë, si edhe do të kontribuojë në tejkalimin e ndryshimeve dhe mosharmonizimit midis komunave gjatë pagimit të rrogave të të punësuarve në NJTZF dhe mënyra e organizimit të këtyre njësive. Të pranishmit diskutuan në drejtim të nevojës për harmonizim të procedurave për punësim të zjarrfikësve, po ashtu mënyra e selektimit dhe zgjedhjes së tyre, por edhe tejkalimi i problemit me aktakuzat e dërguara nga ana e zjarrfikësve. Gjithashtu u theksua se komunat që nuk kanë përgatitur dokumente të tilla duhet të nisin përgatitjen e tyre.

Në fund të takimit u përcaktua që takimi i ardhshëm të mbahet në fund të gjysmës së dytë të muajit gusht, kur një grup punues më i vogël të anëtarëve të Rrjetit për MRNJ në bashkëpunim me përfaqësues të Rrjetit për NJTZF pranë BNJVL-së do të përgatisin disa modele të caktuara të këtyre rregulloreve.

## INICIATIVË PËR PROFESIONALIZIM MË TË MADH TË NJTZF DHE TË ZJARRFIKËSVE

Në hapësirat e BNJVL-së, më 12 korrik, 2018, anëtarët e Rrjetit të njësive territoriale zjarrfikëse mbajtën takim në të cilin diskutuan mbi gjendjet aktuale dhe sfidat me të cilat ballafaqohen këto njësi. Nga ana e përfaqësuesve të NJTZF me përkrahjen e përfaqësuesve të Sindikatës së zjarrfikësve të Republikës së Maqedonisë u iniciua nevoja për ndryshime më serioze ligjore në këtë lëmi, me qëllim mundësimi të efikasitetit dhe sigurimit gjatë veprimit zjarrfikës në vend.

Të pranishmit theksuan se me ndryshimet dhe plotësimet e Ligjit për zjarrfikës në vitin 2016, u krye përcaktim i qartë i statusit të zjarrfikësve profesional të punësuar në njësitë territoriale zjarrfikëse si dhe kritere të qarta për zhvillim në karrierë, punësime dhe listë ekzakte të autorizimeve. Krahas kësaj, përfundimisht u përcaktua edhe vendosja organizative e njësive territoriale zjarrfikëse në organizim të brendshëm të vetëqeverisjeve lokale, me ç'rast u realizua edhe rrumbullakësimi i procesit të ndërlidhjes së mbrojtjes dhe shpëtimit edhe mbrojtjes kundër zjarrit edhe në nivel funksional në kuadër të Qytetit të Shkupit. Megjithatë, ekzistojnë edhe një varg sfidash në pushtetin lokal rreth mënyrës së sistematizimit të vendeve të punës të zjarrfikësve, si dhe rreth miratimit të rregulloreve për procedurën për menaxhim me efektin e të punësuarve në NJTZ, lidhur me pagesën e rrogave si dhe për përcaktimin e kritereve gjatë procedurës për punësim të zjarrfikësve.

Të pranishmit veçanërisht përmendën sfidat rreth sigurimit material-teknik, vjetërsinë e pajisjes së zjarr-

другата опрема, што претставува потенцијална опасност по безбедноста и здравјето на вработените во противпожарните единици. Тоа е една од причините за нивната заложба за комплетно ревидирање на подзаконските акти во насока на обезбедување на јасни и транспарентни критериуми и воведување на што е можно попрецизни и подетални унифицирани оперативни процедури, односно се залагаат за своевидна стандардизација на опремата и возилата кои ќе се користат на ниво на државата, во насока на поефикасна и поквалитетна акција кога е тоа потребно на терен.

Како голем предизвик беше посочен и старосниот просек на вработените во единиците, што произлегува од постојните прописи за пензионирање, со кои се дозволува продолжување на работењето до возраст од 67 години, а што претставува колизија со бенефицираниот стаж на професионалните пожарникари, односно тие се залагаат за воведување на механизам на проверка на психо- физичката подготвеност на вработените во ТППЕ единиците, со што ќе се обезбеди висока професионализација и ефикасност во работењето на ТППЕ. Во контекст на претходно наведеното, претставниците на Мрежата на ТППЕ посочија и на актуелните состојби, каде наместо обезбедување високо ниво на професионализам и стабилна хиерархиска субординација се наметнуваат одредени дневно-политички решенија со кои се нарушува ефикасноста во работењето на овие единици

Заклучокот на претставниците од мрежата беше во насока на иницирање на итни законски измени, донесување на адекватни подзаконски акти, како и нов модел за обезбедување на оддржливо управување со системот за противпожарна заштита и справување со кризи во земјава.

fikësve, të automjeteve dhe pajisjes tjetër, që paraqet rrezik potencial mbi sigurinë dhe shëndetin e të punësuarve në njësitë zjarrfikësve. Kjo është një prej arsyeve për revidim komplet të akteve ndërligjore në drejtim sigurimi të kritereve të qarta dhe transparente dhe vendosja e procedurave më detajuese të unifikuara operative, respektivisht përpiqet për standardizim të llojit të tij të pajisjes dhe automjeteve të cilat do t'i shfrytëzojnë në nivel shtetëror, në drejtim të aksionit më efikas dhe më cilësor kur kjo është e nevojshme në teren.

Si sfidë e madhe u përmend edhe mesatarja e moshës të të punësuarve në njësitë në fjalë, me ç'rast rrjedh nga dispozitat ekzistuese për pensionim, me të cilat lejohet vazhdimi i punës deri në moshën 67 vjeçare, e me ç'rast paraqet kolizion me stazh me beneficion të njësive profesionale zjarrfikëse. Respektivisht këto të njëjtat përpiqen për vendosjen e makanizmit të kontrollit të gatishmërisë psiko-fizike të të punësuarve në NJTZF me ç'rast do të sigurohet profesionalizim i lartë dhe efikasitet në punën e NJTZF. Në kontekst të të lartpërmendurës përfaqësuesit e Rrjetit të NJTZF përmendën edhe gjendjet aktuale ku në vend sigurimit të nivelit më të lartë të profesionalizmit dhe subordinacion hierarkik stabil, vendosen zgjidhje ditore-politike me të cilat prishet efikasiteti në punën e këtyre njësive

Konkluzionet e përfaqësuesve të Rrjetit do të ishte në drejtim të inicimit të ndryshimeve ligjore, miratimi i akteve adekuate ndërligjore, si dhe model i ri i sigurimit të menaxhimit të qëndrueshëm të sistemit për mbrojtje zjarrfikëse dhe shpëtim me krizat në vend.

## ПОТПИШАНИ 98 ДОГОВОРИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА РАМНОМЕРЕН РАЗВОЈ НА РЕГИОНИТЕ

Од Програмите за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и на Бирото за регионален развој, на 9 јули, 2018 година беа потпишани договори за 98 проекти за развој на планските региони, на селата и на подрачјата со специфични развојни потреби. Оваа година, висината на средствата што се издвојуваат од буџетот на државата е зголемена за над 50 отсто, односно средствата се со вкупна вредност од 280 милиони денари. Тоа се проекти што ги предложија општините и планските региони врз основа на нивните приоритети, односно, станува збор за инфраструктурни проекти, или за изработка на проектна документација за обезбедување на дополнителни средства од донаторски извори или од ИПА Програмата на Европската Унија. Министерот за локална самоуправа, Сухејл Фазлиу, на средбата на потпишувањето, посочи дека определбата на централната власт е континуирано зголемување на ресурсите за обезбедување на рамномерен регионален развој. За проекти за развој на планските региони се издвоени 196 милиони денари. За најмалку развиениот- Североисточниот регион се одвоени најмногу средства а за најразвиениот- Скопскиот плански регион, одвоени се најмалку средства. Проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби се финансирани со 56 милиони денари, а проектите за развој на селата со 28 милиони денари.

## U FIRMOSËN 98 MARRËVESHJE PËR SIGURIMIN E ZHVILLIMIT TË BARABARTË TË RAJONEVE

Nga Programet për zhvillim të barabartë rajonal në kuadër të Ministrisë për vetëqeverisje lokale dhe të Byrosë për zhvillim rajonal, më 9 korrik, 2018. U firmosën marrëveshje për 98 projekte për zhvillim të rajoneve planifikuese, në fshatrat dhe rajonet me nevoja specifike zhvillimore. Këtë vit, lartësia e mjeteve që i ndahet nga Buxheti i shtetit është rritur për mbi 50%, respektivisht janë me vlerë prej mbi 280 milion denarë. Këto janë projekte që i propozuan komunat dhe rajonet planifikuese në bazë të prioriteteve të tyre, respektivisht bëhet fjalë për projekte infrastrukturore ose për hartimin e dokumentacionit projektues për sigurimin e mjeteve plotësuese nga burimet e donatorëve ose nga Programi IPA të Bashkimit Evropian. Ministri për vetëqeverisje lokale, Suhejl Fazliu në takimin e firmosjes, përmendi se përcaktimi i pushtetit qëndror është për rritje të vazhdueshme të resurseve për sigurimin e zhvillimit të barabartë rajonal. Lidhur me projektet për zhvillim të rajoneve planifikuese janë ndarë 196 milion denarë. Për rajonin më pak të zhvilluar – Rajoni Verilindor janë ndarë më së tepërmi mjete ndërsa për atë më të zhvilluar – Rajoni i Shkupit, janë ndarë më së paku mjete. Projekti për zhvillim të rajoneve me nevoja zhvillimore specifike janë financuar me 56 milion denarë, ndërsa projektet për zhvillim të fshatrave me 28 milion denarë.

## ОПШТИНА КАРБИНЦИ ЌЕ ГО ЗАЖИВУВА ПЛАНИНСКИОТ ТУРИЗАМ

Тим од вработени лица од одделението за локален економски развој (ЛЕР) на Општина Карбинци подготвија потпроект под името: „Плачковица - уникатни природни убавини и различно културно-историското наследство, можност за развој на активен туризам". Општината Карбинци, во партнерство со Друштвото за планинарски спортови „Лисец", аплицираа со овој проект на вториот повик за изразување интерес: „Инвестиции за подгрантови во инфраструктурата поврзана со туризмот и поврзувањата во дестинациите", објавен од страна на Единицата за спроведување на проектот „Локална и регионална конкурентност" (ПЛРК), финансиран од Европската Унија и администриран од Светска Банка. Апликацијата ја помина првата фаза на административна проверка и проверка за подобност и се квалификуваше за влез во втората фаза од проектот што подразбира развивање на целосен предлог потпроект, кој заедно со неопходната проектна документација треба да се достави најдоцна до 6 август, 2018 година.

Со потпроектот планирано е обезбедување на современа и квалитетна инфраструктура, преку изградба на асфалтен пат на дел од пристапниот пат до планинарскиот дом „Вртешка", сместен во пазувите на планината Плачковица, на надморска височина од 1100 метри на планината. Планирано е и реновирање и адаптација на домот и зголемување на сместувачкиот капацитет, кој сега изнесува 40 легла. Исто така, предвидена е изградба на детско игралиште, со цел да се привлечат цели семејства, односно да се привлечат најмладите на планинарење и престој во чиста и здрава животна средина. Од исклучителна важност е и планираната изградба на мултифункционална вештачка карпа за меѓународни натпреварувања во алпинизам, која се планира да биде поставена на погодна локација, во близина на планинарскиот дом со дополнителни содржини за следење на натпреварите. Како дел од потпроектот се планирани и патокази и тематски информативни табли кои ќе бидат поставени на пешачките патеки кои водат до туристичките атракции. За поефикасно одржување на патната инфраструктура во планинскиот предел во текот на целата година и во летниот и во зимскиот период се предвидува и набавка на специјална градежна машина - ровокопач и товарач. Се предвидува развивање и на регионална база на податоци за туристички патеки и природни, но културни атракции на планината Плачковица и во регионот, како и изработка на онлајн апликација (портал и мобилна апликација) за привлекување на туристите, но и за ориентација во просторот. Вкупниот износ на потпроектот изнесува 430.740 евра, од кои 43.074 евра ќе ги обезбеди општината и партнерот, во вид на парично и непарично учество.

Në fillim të trajnimit të pranishmit i përshëndeti drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq, që u shpreh e kënaqur nga bashkëpunimi i deritanishëm me GIZ. Ajo theksoi se BNJVL dhe komunat në Maqedoni janë çdoherë të interesuara për implementimin e projekteve të cilat kontribuojnë për mbrojtjen e mjedisit jetësor dhe përmbajnë masa për efikasitet energjetik ndërsa vërtetim për këtë është edhe interesimi i madh i komunave për ndjekjen e punëtorisë në fjalë. Për qëllimet e projektit foli menaxherja e projektit, Dubravka Boshnjak nga GIZ ORF EE. Ajo përmendi se përqindja e popullatës në mjediset urbane gjeneralisht bëhet gjithnjë e më i madh, prandaj edhe sfidat në komunikacion dhe ndotje rriten dhe janë temë e rëndësishme e diskutimit në organizatat evropiane. Një ndër qëllimet e marrëveshjes së kryetarëve të komunave ( EU Covenant of Mayors) ka të bëjë pikërisht me nevojën e ndërtimit të kapaciteteve të vetëqeverisjes lokale për avancim me energjinë. Në këtë drejtim janë edhe masat për rritjen e komforit të jetës, vendosja e prioriteteve në transportin e qytetarëve dhe zvogëlimi i ndotjes. Vendosja e planeve për mobilitet të qëndrueshëm urban është konform drejtimeve, strategjive dhe planeve aksionale të BE-së që në vitin 2009 dhe se implementim të tyre deri më tani ka në shumë qytete evropiane. U përmend se në kuadër të projektit në fjalë, konsiderohet të sigurohen trajnime plotësuese, si dhe shërbime konsulentë të cilat për komunat të cilat do të ishin të interesuara të hartojnë plane të këtilla.

**Mobilizim i qëndrueshëm urban, kundrejt planifikimit tradicional urban**

Për përparësitë e planifikimit të këtillë, përfitimet që i jep qytetari dhe vetë procesi i planifikimit foli eksperti nga Sllovenia Aljazh Pllevnik. Ai parashtroi edhe shumë shembuj praktikë, midis të cilëve ishin edhe përvojat

на ваков план за Љубљана, но и од други европски градови. Беа посочени разликите меѓу традиционалното, досегашно планирање и одржливото мобилно планирање. Ако кај традиционалното планирање главната цел е протокот и брзината на сообраќајот, фокусот е ставен на автомобилите и на задоволувањето на потребите во сообраќајот, кај мобилното планирање главна цел е достапноста и квалитетот на живеењето, фокусот е ставен на граѓанинот и на управување со побарувачката во сообраќајот., односно, како што беше цитирано –„ ако планирате град за автомобили и сообраќај, таков ќе добиете, а ако го планирате за луѓе и простор за луѓето, таков и ќе направите". Со ваквото планирање се нагласува потребата од поголем простор за граѓаните, зеленилото, подобрување на јавниот превоз и на условите за користење на велосипеди, воспоставување на забранети зони за сообраќај, потоа користење на катни паркиралишта и друго. Беше посочено дека во Љубљана драстично се зголемува употребата на велосипедот како превозно средство, како резултат на претходно соодветното планирање за обезбедување на адекватни услови за тоа. Беше посочен комплексниот пристап и координацијата на различните урбани чинители при ова планирање за изнаоѓање на најсоодветни мерки за поедноставно решавање на урбаните предизвици. Беше даден пример за решавање на големиот сообраќаен метеж во една индустриска зона во Словенија, каде предизвикот бил решен со воведување на различно работно време за фабриките во рамките на зоната, а не со проширување на улиците, но за ваквиот пристап на SUM планирање од големо значење е поддршката, па дури и иницијативата од граѓаните, од државните институции, градоначалниците и општинските совети.

На работилницата претставниците од помалите општини генерално ја изнесоа потребата од поддршка за изработка на планови, а беше упатен и предлог за обезбедување на конкретна консултантска и финансиска поддршка за изработка на вакви SUM планови за неколку урбани средини, односно градови во земјава.

nga vendosja e planit të këtillë për Ljubjanën, por edhe qytete tjera evropiane. U përmendën diferencat midis planifikimit tradicional të deritanishëm dhe planifikim të qëndrueshëm mobil. Në se te aji tradicional qëllimi është rrjedha dhe shpejtësia e komunikacionit, fokusi i vendoset automjeteve dhe kënaqjes së nevojave në komunikacion, te planifikimi mobil qëllimi është qasja dhe cilësia e jetës, fokus i vendoset qytetarit dhe menaxhimit me kërkesën në komunikacion komunikacionin. Respektivisht siç është cituar - ,,nëse planifikoni qytet për automobilat dhe komunikacionin, të tillë edhe do të gjeni, ndërsa nëse planifikoni për njerëzit dhe hapësirë për njerëzit, do të tillë edhe do të ndërtoni". Me planifikim të këtillë theksohet nevoja nga hapësira më e madhe për qytetarët, gjelbërimin, përmirësimin e transportit publik dhe të kushteve për shfrytëzim të biçikletave, vendosja e zonave të ndaluara, pastaj shfrytëzimi i vendparkimeve në kate etj. U përmend se në Lubjanë në mënyrë drastike është rritur përdorimi i biçikletës si mjet transportues si rezultat i planifikimit paraprak adekuat të kushteve adekuate për këtë. U përmend qasja komplekse dhe koordinimi i faktorëve të ndryshëm urban gjatë këtij planifikimi për gjetjen e masave më adekuate për zgjidhje më të thjeshtë të sfidave urbane. Si shembull u paraqit zgjidhja me komunikacionin tejet të dendur në zonën industriale në Slloveni, ku sfida ka qenë e zgjedhur me vendosjen e orarit të punës për fabrikat në kuadër të zonës, e jo me zgjerimin e rrugëve. Por me një qasje të këtillë të planifikimit SUM mjaft e rëndësishme është përkrahja e, e edhe iniciativa nga qytetarët, nga institucionet shtetërore, nga kryetarët e komunave dhe këshillat komunale

Në punëtori përfaqësuesit e komunave më të vogla në përgjithësi parashtruan nevojën e përkrahjes së hartimit të planeve, ndërsa u dërgua edhe propozim për sigurimin e përkrahjes konkrete konsulentë dhe përkrahjes financiare për hartimin e planeve të këtilla SUM për disa mjedise urbane, respektivisht qytete.











## СЕРВИСИРАЊЕ НА ДОЛГОВИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И НА УЧИЛИШТАТА И ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ - ДЕЛ ОД ПРЕДЛОЗИТЕ ЗА ИТНО РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Во просториите на ЗЕЛС, на 17 јули, 2018 година се состана Работната група што беше формирана од Управниот одбор на ЗЕЛС, на последната седница, со задача да предложи најсоодветни решенија за надминување на финансиските предизвици во образованието со кои се соочуваат речиси сите локални власти во земјава. Членови на Работната група се: Наташа Петровска, градоначалник на Општина Битола, Теута Арифи, градоначалник на Општина Тетово, Фатмир Дехари, градоначалник на Општина Кичево, Ивица Тошевски, градоначалник на Општина Ранковце, Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово; Наташа Јанковска и Јасна Видановска од Министерството за образование и наука. На состанокот беа поканети, но не присуствуваа и по еден член од Министерството за транспорт и врски и од Секторот за сообраќај на Град Скопје.

Присутните градоначалници констатираа дека станува збор за алармантна состојба, бидејќи голем број на општини се соочуваат со огромни наталожени долгови на училиштата кои настанале пред сè, како резултат на недоволно префрлени средства од блок дотациите од изминатиот период, воведување на задолжително средно образование, воведување на бесплатен превоз на учениците, недостатоци во тендерските постапки кога превозниците нудат многу повисоки цени од реалните, континуираното покачување на цените на енергенсите за греење, на струјата и слично и континуираното дополнување на обврските на општините во спроведувањето на оваа надлежност, без притоа истите да бидат обезбедени со дополнителни финансиски средства. Секој од членовите изнесе свои ставови и предлози за надминување на состојбите, по што беа утврдени заеднички предлози што ЗЕЛС по електронска пошта им ги достави на изјаснување, на членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС. Управниот одбор на ЗЕЛС ги прифати следниве заклучоци:

## SERVISIM I BORXHEVE TË KOMUNAVE DHE TË SHKOLLAVE DHE NDRYSHIMET LIGJORE-NJË PJESË E PROPOZIMEVE PËR ZGJIDHJE URGJENTE TË SFIDAVE NË ARSIM

Në hapësirat e BNJVL-së, më 17 korrik, 2018, mbajti mbledhje Grupi punues që u formua nga Bordi drejtues i BNJVL-së, në seancën e fundit, me detyrë të propozohet zgjidhje më adekuate për tejkalimin e sfidave financiare në arsim me të cilat ballafaqohen pothuajse të gjitha pushtetet lokale në vend. Anëtarët e Grupit punues janë: Natasha Petrovska, kryetar i komunës së Manastirit, Teuta Arifi, kryetar i komunës së Tetovës, Fatmir Dehari, kryetar i komunës së Kërçovës, Ivica Toshevski, kryetar i komunës së Rankovcës, Maksim Dimitrievski, kryetar i komunës së Kumanovës, Natasha Jankovska dhe Jasna Vidanovska nga Ministria për arsim dhe shkencë. Në mbledhje u ftuan por edhe morrën pjesë nga dy anëtarë të Ministrisë për transport dhe lidhje dhe nga Sektori për komunikacion në kuadër të Qytetit të Shkupit.

Kryetarët e pranishëm konstatuan se bëhet fjalë për gjendje alarmante, pasi që një numër i madh i komunave ballafaqohen me borxhe tejet të mëdha të grumbulluara të shkollave të cilat janë krijuar para se gjithash, si rezultat i mjeteve të transferuara nga bllok dotacionet nga periudha e kaluar, vendosja e arsimit të mesëm obligativ, vendosja e transportit falas të nxënësve, mangësitë në procedurat e tenderit kur transportuesit ofrojnë çmime shumë të karta nga çmimet reale, të vazhdueshme të energjencëve për ngrohje, të rrymës, etj. dhe plotësimi i vazhdueshëm i obligimeve të komunave në zbatimin e kësaj kompetence, pa qenë pastaj të siguruara me mjete plotësuese financiare. Çdo anëtar parashtroi qëndrime të tyre dhe propozime lidhur me tejkalimin e gjendjeve, me ç'rast u përcaktuan sfida të përbashkëta që BNJVL në formë elektronike i parashtroi për qartësim, të anëtarëve të Bordit drejtues të BNJVL-së. Bordi drejtues i BNJVL-së i pranoi këto konkluzione:





**Краткорочни итни мерки:**

1. Под итно Владата на Република Македонија да ги сервисира долговите на општините кои се со блокирани сметки и кои не можат да ги извршуваат своите надлежности, како и долговите на образовните институции со блокирани сметки. Општините и покрај досегашните напори, на овој или оној начин, од сопствени средства да обезбедат непречено изведување на наставниот процес, веќе немаат можност тоа и понатаму да го прават, бидејќи се максимално исцрпени. Затоа, доколку во најкраток рок не се обезбеди потребната поддршка, тие се доведени до степен да се откажат од спроведувањето на оваа надлежност.
2. За понатамошно успешно спроведување на надлежноста образование, со што нема да се генерираат нови долгови се предлага итно (по скратена постапка во Собранието на Република Македонија) да се постапи со следниве наведени предлози:
   А) измени во Законот за превоз во патниот сообраќај (по членот 22- а да се додаде нов член 22-б, кој би гласел „бесплатен превоз на ученици, утврден со Закон на основното и со Закон за средното образование, на подрачјата на општините каде има утврдено возен ред се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз, по цени и на начин утврдени од Советот на општината и Советот на Град Скопје".

Втората измена во Законот е по член 27-а да се додаде нов член 27-б, кој би гласел „бесплатен превоз на ученици, утврден со Законот на основното и со Законот за средното образование, на подрачјата на две или повеќе општини каде има утврден возен ред во рамки на меѓуопштинскиот линиски превоз се врши од страна на носителите на дозвола за меѓуопштински линиски превоз, по цени утврдени од превозниците кои не можат да бидат повисоки од цените за останатите патници".

3. Да се овозможи училиштето (општината) на родителите да им даде ваучери за превоз на учениците кои ќе бидат во согласност со реалните, пазарни цени за превоз за утврдените релации таму каде што ги има.
4. За општините во кои на одредени подрачја од нивната територија не постојат редовни возни линии (недостапен терен или слично) на кои има население и ученици, да им се обезбедат соодветни возила со кои ќе се обезбеди адекватен транспорт на децата.

Доколку не постои можност за законски измени од временски аспект, министерот да регулира начинот на организирање на бесплатен превоз на ученици, согласно со важечкиот Закон за основно образование (член 61) и Законот за средно образование (член 41а), со цел да се добие насока за изведување на обврската за бесплатен превоз на учениците, во кој акт би се вклопиле заклучоците 2,3,4.

**Долгорочни мерки:**

5. Долгорочно гледано да се започне уште сега со прочистување и измени во Законот за основно и Законот за средно образование, каде подетално би се утврдиле сите постоечки воочени проблеми.

Овие заклучоци ЗЕЛС во писмена форма ги достави до претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев; до министерот за образование и наука, Арбер Адеми; до министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и до министерот за финансии, Драган Тевдовски, со барање итно да бидат прифатени, со цел да се спречи натамошно таложење на долговите по овој основ и да се обезбеди непречено спроведување на оваа надлежност од локалните власти.

**Masa urgjente afatshkurte:**

1. Urgjentisht Qeveria e Republikës së Maqedonisë t'i servisojë borxhet e komunave të cilat janë me llogari të bllokuara dhe të cilat mund të kryejnë kompetencat e veta, si dhe borxhet e institucioneve arsimore me llogari të bllokuara. Komunat edhe krahas përpjekjeve të deritanishme në këtë mënyrë, me mjete personave të sigurojnë ekzekutim të papenguara të procesit arsimor, tashmë nuk kanë mundësi edhe mëtej të bëjnë të njëjtën, pasi që janë stërngarkuar maksimalisht. Prandaj, përderisa në afat sa më të shkurtë të sigurohet përkrahja e nevojshme, që këto të jenë të çuara në atë shkallë të heqin dorë nga zbatimi i kësaj kompetencë.
2. Për zbatim të mëtejmë të suksesshëm të kompetencave të arsimit, me ç'rast nuk do të gjenerohen borxhet e reja propozohet që urgjent (me procedurë të shkurtuar në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë) të veprohet me këto sfida të shënuara:
   A) ndryshime në Ligjin për transport në komunikacionin rrugor (mbi nenin 22 -a të shtohet nen i ri 22-b, që do të thoshte kështu ,,transporti publik i nxënësve, i përcaktuar me Ligj të arsimit fillor dhe me Ligj për arsim të mesëm, në rajonet e komunës ku është përcaktuar rend vozitjeje kryhet nga ana e bartësve të lejes për transportin komunal linjor, me çmime dhe mënyrë të përcaktuar nga Këshilli i komunës dhe Këshilli i Qytetit të Shkupit".

Ndryshimi i dytë në Ligji është pas nenit 27-qa t'i shtohet nen i ri 27-b, që do të thoshte kështu ,,transport falas i nxënësve, i përcaktuar me Ligjin për arsim fillor dhe Ligjin për arsim të mesëm, në rajonet e dy ose më shumë komunave ku përcaktuar rend vozitjeje në kuadër të transport linjor ndërkomunal, kryhet nga ana e bartësve të lejes për transport linjor ndërkomunal, me çmime të përcaktuara nga transportuesit të cilët nuk mund të jenë më të larta se çmimet për udhëtarët e tjerë."

3. Të mundësohet që shkolla (komuna) prindërve t'u japë vauçerë për transport të nxënësve të cilët do të jenë konform çmimeve reale të tregut për transport lidhur me relacionet e përcaktuara aty ku ekzistojnë.
4. Për komunat në të cilat janë përcaktuar rajone nga territori i tyre nuk ekzistojnë linje të rregullta për vozitje (teren i paarritshëm ose diçka tjetër) në të cilat ka popullatë dhe nxënës, që t'u sigurohet automjete adekuate me të cilat do të sigurohet transport adekuat të fëmijëve.

Përderisa nuk ekziston mundësi për ndryshimet ligjore nga aspekti kohor Ministria të rregullojë mënyrë e organizimit të transportit falas të nxënësve konform Ligjit valid për arsim fillor (neni 61) dhe Ligji për arsim të mesëm (neni 41a) në mënyrë që do të kishte drejtim për ekzekutimin e obligimit për transport falas të nxënësve, në aktin e të cilit do të përputheshin konkluzionet 2,3,4.

**Masat afatgjate:**

5. Në një këndvështrim afatgjatë të fillohet që tani me pastrimin dhe ndryshimet në Ligjin për arsim fillor dhe Ligjin për arsim të mesëm, ku detajisht do të përcaktoheshin të gjitha problemet ekzistuese të vërejtura.

Këto konkluzione, BNJVL në formë të shkruar i ka parashtruar te Kryetari i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, z. Zoran Zaev, te ministri për arsim dhe shkencë, Arbër Ademi; te ministri për transport dhe lidhje, Goran Sugareski dhe te ministri për financa, Dragan Tevdovski me kërkesë që urgjentisht të pranohen, me qëllim të parandalohet grumbullimi i mëtejmë i borxheve mbi këtë bazë dhe të sigurohet zbatim i papenguar i kësaj kompetence nga pushteti lokal.

## ЗАПИСНИЦИТЕ ОД КОЛЕГИУМИТЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ПРЕД ГРАЃАНИТЕ

Во канцеларијата на градоначалникот на Општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, секој понеделник, со почеток во 09.00 часот започнува колегиумот. На масата седнуваат раководителите на сектори и на одделенија, а во зависност од темата и претставници од администрацијата и директорите на јавните претпријатија. Се дискутира за тоа што е сработено претходната недела и што ќе се работи во тековната, се дискутира за предизвиците, се нудат решенија, се даваат идеи. Ќе речеме вообичаена работа, која ја спроведуваат помалку или повеќе општини во земјава. Но, она што е уникатното во оваа општина е што записникот од секој колегиум, со сите донесени заклучоци и задолженија, освен што се доставува до сите вработени во општината, се поставува и на општинскиот веб портал и тоа на главното мени на веб страницата, во делот ,,Односи со јавноста", каде многу лесно ќе ја видите поставена и категоријата- „Записник од колегиум". Записникот го води Мартин Николовски –советник за правни работи и застапување, кој се грижи детално и прегледно да ги изнесе сите потребни информации за вработените, но и за граѓаните. Па така, секој жител што живее во Општина Крива Паланка, но и оние кои привремено или трајно се иселиле од родниот крај, редовно и тековно можат да се информираат за сè што се случува во општината, а особено за „грижата и напорите" што локалната власт ги прави за подобрување на условите и услугите на своите жители. Поставувањето на записникот пред јавноста е одличен знак и за инвеститорите кои на овој начин, и пред да дојдат во општината може да воспостават „доверба" со локалната администрација. Тие се сигурни дека ќе наидат на општина од каде ќе може да ги добијат сите потребни и точни информации за развивање на нивниот бизнис.

Овој начин на работа, што градоначалникот Мицевски, не го укина, туку и понатаму продолжи да го применува, како едно „добро наследство" од својот претходник, ја „лансира" општината на врвот на листата на активно транспарентни општини во Република Македонија, не само во оваа, туку и во неколку претходни години. „Искреноста, отвореноста и желбата за работа, сепак се вреднува", велат во општината.

**Лилјана Стојановска, Општина Крива Паланка**

## PROCESVERBALET NGA KOLEGJIUMET E KOMUNËS SË KRIVA PALLANKËS – PARA QYTETARËVE

Në zyrën e kryetarit të komunës së Kriva Pallankës, Borjanço Micevski, çdo të hënë në ora 09.00 fillon kolegjiumi. Në tryezë ulen udhëheqësi i sektorit dhe seksionit, ndërsa varësisht nga tema edhe përfaqësuesit e administratës dhe drejtorët e ndërmarrjeve publike. Diskutohet për atë çka është punuar javën e kaluar dhe çka do të punohet në rrjedhë, diskutohet për sfidat, ofrohen zgjidhje, jepen ide. Do të themi punë e zakonshme, të cilën e zbatojnë më pak ose më shumë komuna në vend. Por ajo që është unikate në këtë komunë është që procesverbali nga çdo komunë, me të gjitha konkluzionet dhe obligimet e miratuara, përveç asaj që parashtrohet te të gjithë të punësuarit, vendoset edhe portalin e internetit. Dhe atë në menynë kryesore të faqes së internetit, në pjesën e ,,Marrëdhënieve me publikun" ku shumë lehtë mund të shihni kategorinë ,,Procesverbal i kolegjiumit". Procesverbalin e mban Martin Nikollvoski – këshilltar për punë juridike dhe përfaqësim, që kujdeset detajisht t'i paraqesë të gjitha informacionet e nevojshme për qytetarët. Kështu çdo banor që jeton në komunën e Kriva Pallankës, por edhe atë të cilët përkohësisht mund të informohen rregullisht dhe vazhdimisht për atë çka ndodh në komunë, ndërsa veçanërisht, për kujdesin dhe përpjekjet që pushteti lokal i kryen për përmirësimin e kushteve dhe shërbimeve ndaj banorëve. Vendosja e procesverbalit para publikut është shenjë e shkëlqyer edhe për investuesin i cili në këtë mënyrë dhe para se gjithash të vijnë në komunë mund të vendosin ,,besueshmëri" me administratën lokale. Këto janë të sigurt se do të gjejnë komunë ku do të mund të fitojnë të gjitha informacionet e sakta dhe të nevojshme për zhvillimin e biznesit të tyre.

Kjo mënyrë e punës, që kryetari Micevski nuk e abrogoi, por edhe mëtej vazhdoi t'a zbatojë si një trashëgimi të mirë, nga kryetari paraprak ,,lanson" komunën në krye të listës të komunave aktive dhe transparente në Republikën e Maqedonisë, jo vetëm kjo por edhe në disa vite paraprake. Sinqeriteti, transparenca dhe dëshira për punë megjithatë çmohen", thonë në komunë.

**Liljana Stojanovska, Komuna e Kriva Pallankës**



## ПОВИК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ЗА НАГРАДАТА „ЕВРОПСКИ ЗЕЛЕН ГРАД ЗА 2021 ГОДИНА" И „ЕВРОПСКА НАГРАДА - ЗЕЛЕН ЛИСТ ЗА 2020 ГОДИНА"

Европската комисија повикува за аплицирање за награди за 2021 European Green Capital и 2020 European Green Leaf Awards. Овие натпревари се отворени за европските градови од земјите-членки на Европската Унија, од земјите кандидати за членство во ЕУ, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка и Швајцарија, со цел да ги прослават градовите што се посветени на социјалната и економската одржливост и на заштитата на животната средина. Во брошурата „Дали вашиот град ќе биде следен победник - европски зелен град", подетално се објаснети условите на натпреварот http://ec.europa.eu/environment/europeangreencapital/wp-content/uploads/2013/02/EGCA_2021_Will_Your_City_Brochure.pdf а во брошурата http://ec.europa.eu/environment/europeangreencapital/wp-content/uploads/2015/02/EGLA_2020_Will_Your_City_Brochure.pdf е објаснето значењето на наградата 2020 година.

Натпреварите се затвораат на 18 октомври 2018 година (16.00 часот), а повеќе информации може да се добијат и регистрација се врши преку порталот http://egcportal.dara.link/. Регистрирањето преку порталот им овозможува на градовите да ја истражуваат апликацијата без никаква обврска да аплицираат.

## THIRRJE PËR APLIKIM PËR ÇMIMIN "QYTETI I GJELBËR EVROPIAN PËR VITIN 2021" DHE „ÇMIMI EVROPIAN - GJETHJA E GJELBËR PËR VITIN 2020"

Komisioni Evropian ka nisur thirrjen për aplikim për çmimet "2021 European Green Capital" dhe "2020 European Green Leaf ". Kjo thirrje është e hapur për qytetet evropiane nga vendet anëtare të BE-së, vendet kandidate të BE-së dhe Islanda, Lihtenshtajni, Norvegjia dhe Zvicra për të festuar qytetet që janë të përkushtuar ndaj mbrojtjes s mjedisit jetësor dhe stabilitetit social dhe ekonomik. Broshura "A do të jetë qyteti juaj fituesi i ardhshëm i çmimit Qyteti i gjelbër evropian" shpjegon më hollësisht kushtet e konkursit http://ec.europa.eu/environment/europeangreencapital/wp-content/uploads/2013/02/EGCA_2021_Will_Your_City_Brochure.pdf, ndërsa kjo broshurë http://ec.europa.eu/environment/europeangreencapital/wp-content/uploads/2015/02/EGLA_2020_Will_Your_City_Brochure.pdf shpjegon rëndësinë e çmimit për vitin 2020.

Konkurset mbyllen më datë 18 tetor 2018 (16.00 CEST), kurse më shumë informacione dhe regjistrimi mund të gjenden përmes portalit http://egcportal.dara.link/. Regjistrimi nëpërmjet këtij portali u lejon qyteteve të eksplorojnë aplikacionin pa asnjë detyrim për t'u aplikuar.

## „ПОДГОТВУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ПРОМОЦИЈА И КОМУНИКАЦИИ СО ЈАВНОСТА"-ТЕМА НА РАБОТИЛНИЦАТА НА МРЕЖАТА НА ПР ЛИЦАТА ОД ОПШТИНИТЕ

„Подготвување на годишен план за промоција и комуникации со јавноста" беше темата на работилницата за членовите на Мрежата на лица за односи со јавноста во локалната власт, што се одржа на 25 јули, 2018 година, во ЗЕЛС тренинг центарот. Во согласност со член 8 од Законот за локална самоуправа е утврдено дека општината, органите на општината, комисиите на Советот и јавните служби, основани од општината, се должни без надоместок да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината, на начин утврден со Статутот на општината. Исто така, општината е должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедува на начин и под услови утврдени во Статутот. Во таа насока и во согласност со член 22 од истиот Закон, каде се утврдени надлежностите на локалната власт и член 62, и одделението за односи со јавноста, односно лицето за односи со јавноста, треба да изработи годишна програма на активности во оваа област.

Еден од моделите на обуките за зајакнување на капацитетите на локалните власти, што ги реализира

## „PËRGATITJA E PLANIT PËR PROMOVIM DHE KOMUNIKIM ME PUBLIKUN"- TEMË E PUNËTORISË SË RRJETIT TË PERSONAVE PR NGA KOMUNAT

„Përgatitja e planit vjetor dhe komunikimet me publikun" ishin temë e punëtorisë së për anëtarët e Rrjetit të personave për marrëdhënie me publikun në pushtetin lokal, që u mbajt më 25 korrik, 2018, në Qendrën e trajnimeve të BNJVL-së. Konform nenit 8, nga Ligji për vetëqeverisje lokale është përcaktuar se komuna, organet e komunës, komisionet e Këshillit dhe shërbimet publike të themeluara nga komuna janë të obliguara pa kompensim t'i informojnë qytetarët për punën e tyre, si dhe për planet dhe programet të cilat janë të rëndësishme për zhvillimin e komunës, në mënyrën e përcaktuar me Statutin e komunës. Gjithashtu komuna është e obliguar që qytetarëve t'u sigurojë qasje ndaj informacioneve për shërbimet që i siguron në mënyrë dhe me kushte të përcaktuara në Statut. Në këtë drejtim dhe konform nenit 22 nga Ligji i njëjtë, ku janë përcaktuar kompetencat e pushtetit lokal dhe neni 62 dhe seksioni për marrëdhënie me publikun, respektivisht personi për marrëdhënie me publikun duhet të hartojë program vjetor të aktiviteteve në këtë lëmi.

Një ndër modelet e trajnimit për përforcim të kapaciteteve të pushteteve lokale, që i realizon BNJVL është

ЗЕЛС е размената, односно меѓусебното споделување на добрите практики на општините. На оваа работилница ги искористивме искуствата на Општина Велес, која веќе десет години подготвува ваква програма. Советничката за односи со јавноста во оваа општина, Јадранка Стефкова, пред присутните говореше за процесот на подготовка на „Програмата за промоција и комуникации со јавноста на Општина Велес", нагласувајќи ги сите нејзини специфики. Таа посочи дека досегашното искуство ја наметнало потребата од конкретизирање на активностите преку примена на методот на тимско планирање, вклученост на градоначалникот и на сите одделенија, затоа што комуникациите со јавноста се неопходни за сите области во надлежност на локалната власт. –„Комплексноста на односите со јавноста, како концепт од една стана ја наметнува потребата од добро познавање на целите на општината, како и на нејзините целни групи, а од друга страна треба да содржи методологии чија примена, не само што ќе ги оправда вложените средства, туку и ќе прерасне во генератор на нови активности за зајакнување на транспарентноста на општината", посочи Стефкова.

Своите искуства накратко ги пренесоа и други општини што подготвиле ваква програма, како што се: Кочани, Делчево и Карпош. Утврдените активности во програмата може да бидат најразновидни: активности посветени на подобрување на внатрешната комуникација; соработка со медиумите и закуп на медиумски простор; огласување; реализирање на разновидни кампањи и настани; промотивни и протоколарни средби; обезбедување на технички помагала за спроведувањето на активностите; печатење на флаери, весници, памфлети; брендирање на општината; мерења и анкети за задоволството од услугите на општината кај граѓаните, бизнис секторот, невладините организации; изработка на press clipping како неопходна база на податоци во креирање на комуникациска стратегија; организирање на дебати, трибини, форуми, средби во месни и урбани заедници и друго. За реализацијата на сите овие активности во планот се дефинираат и потребните финансиски средства.

На работилницата, присутните се поделија во неколку работни групи, од кои дел изработуваа предлог-план за комуникации за мала општина, а дел за општина со центар во урбана средина. По презентирањето на предлог-програмите се разви бурна дискусија. Присутните посочија на сè поголемото спознавање на локалната власт за потребата од примена на односите со јавноста, што го оценија како позитивно, но притоа посочија и на минималното обезбедување на средства за оваа намена. Особено посочија дека општините сакаат да реализираат вакви активности, но притоа не обезбедуваат соодветни кадри за оваа намена, па оставаат тоа да го реализираат лица чии задачи се од сосема друга област или на едно лице за односи со јавноста му се префрла целата одговорност за спроведувањето на сите активности од оваа област. За среќа, иако ретки, но има и примери на општини во кои веќе се формирани одделенија за односи со јавноста во кои се вработени повеќе професионални лица кои меѓусебно соодветно ги распоредуваат големиот број задолженија.

shkëmbimi, respektivisht ndarja e ndërsjellë e praktikave të mira të komunave. Në këtë punëtori i shfrytëzuam përvojat e komunës së Velesit, që tashmë dhjetë vite përgatit program të këtillë. Këshilltarja për marrëdhënie me publikun Jadranka Stefkova, para të pranishmëve foli mbi procesin e përgatitje së ,,Programit për promovim dhe komunikime me publikun në komunën e Velesit", duke theksuar të gjitha specifikat e saj. Ajo përmendi përvojën e deritanishme që çon drejt nevojës nga konkretizimi i aktiviteteve përmes zbatimit të metodës së planifikimit ekipor, përfshirjes së kryetarit të komunës dhe të të gjitha seksioneve, prandaj komunikimet me publikun janë të domosdoshme për të gjitha lëmenjtë e pushtetit lokal. - ,,Kompleksiteti i marrëdhënieve me publikun, si koncept i njërës palë çon drejt nevojës nga informimi më i mirë i qëllimeve të komunës, si dhe i grupeve të saj qëllimore dhe nga ana tjetër duhet të përmbajë metodologji zbatimi i së cilës jo vetëm që do t'i arsyetojë mjetet e investuara, por edhe të do rritet në gjenerator të aktiviteteve të reja për përforcimin e transparencës së komunës ", përmendi Stefkova.

Përvojat e tyre shkurtimisht i bartën edhe komuna tjera që kanë përgatitur program të këtillë, siç janë: Koçani, Dellçeva dhe Karposhi. Aktivitetet e përcaktuara në Program mund të jenë më të lloj-llojshme: aktivitete të dedikuara për përmirësimin e komunikimit të brendshëm; bashkëpunimi me mediat dhe qiraja e hapësirës mediatike; shpallje; realizim i fushatave të lloj-llojshme dhe të ngjarjeve; takime promovuese dhe protokolare; sigurimi i mjeteve ndihmëse dhe teknike të aktiviteteve; shtypja e fletushkave, gazetave, pamfleteve; markëtimi i komunës, matja e sondazheve për kënaqjen e shërbimeve të komunës te qytetarët, sektori i biznesit, organizatat joqeveritare; hartimi i press clipiing si data bazë e domosdoshme në krijimit të data bazës në krijimin e strategjisë për komunikim; organizimi i debateve, tribunave, takimeve forumike në bashkësitë urbane dhe vendore etj. Për realizimin e të gjitha aktiviteteve në Plan janë definuar mjetet e nevojshme financiare.

Në punëtori, të pranishmit janë ndarë në disa grupe pune, prej të cilave një pjesë hartuan propozim plan për komunikime për komunë të vogël, ndërsa një pjesë për komunë me qendër në mjedis urban. Pas prezantimit të propozim-programeve u zhvillua diskutim i vrullshëm. Të pranishmit përmendën informimin më të madh të pushtetit lokal për nevojën nga zbatimi i marrëdhënieve me publikun, që i vlerësuan si pozitive, por pastaj përmendën edhe sigurimin minimal të mjeteve për këtë dedikim. Veçanërisht përmendën se komunat dëshirojnë të realizojnë aktivitete të këtilla, por pastaj të sigurojnë kuadro adekuate për këtë dedikim, prandaj lënë që këtë të realizojnë persona detyrat të cilëve janë nga lëmi tejet e të ndryshme, ose një personi me marrëdhënie me publikun i është transferuar e tërë përgjegjësia e të gjitha aktiviteteve në këtë lëmi. Për fat, edhe pse janë të rrallë ka shembuj të komunave në të cilat tashmë janë formuar seksione për marrëdhënie me publikun në të cilat janë punësuar më shumë persona profesionistë të cilët anasjelltas në mënyrë adekuate ndajnë obligimet e shumënumërta.



**Иницијатива за задолжително постоење на ПР лице во општината**

Членовите на Мрежата изнесоа предлог за иницирање на законска обврска на локалната власт во систематизацијата на работни места задолжително да има и лице за односи со јавноста. Тоа произлегува од реалните потреби во локалната власт, но произлегува и од усогласувањето на нашата законската регулатива со европската, каде транспарентното и отчетното работење и активната комуникација со граѓаните, се сметаат за едни од примарните обврски на институциите. Притоа, беше посочено дека одредени општини при аплицирањето за средства од европските фондови и програми, забележале дека еден од позначајните услови за одобрување на проектот е токму исполнувањето на високо ниво на транспарентно работење на општината, програми за комуникација со граѓаните и другите целни јавности. Присутните изнесоа и други состојби и предизвици со кои се соочуваат во своето работење, а на крајот донесоа заклучок следната работилница што ќе ја организира ЗЕЛС да биде посветена на темата- ,,Активна транспарентност на општината, законски прописи и активности ".

**Iniciativa për ekzistim të detyrueshëm të personave PR në komunë**

Anëtarët e Rrjetit parashtruan propozim për inicimin e obligimit ligjor të pushtetit lokal në vendin e punës detyrimisht të ketë edhe person për marrëdhënie me publikun. Kjo rrjedh nga nevojat reale në pushtetin lokal, por rrjedh edhe nga harmonizimi i rregullativës ligjore me atë evropiane, ku puna transparente dhe llogaridhënie dhe komunikimi aktiv me qytetarët, konsiderohen për një ndër obligimet primare të institucioneve. Pastaj u përmend se komuna të caktuara gjatë aplikimit për mjetet nga fondet evropiane dhe programet, kanë vërejtur se një ndër kushtet më të rëndësishme për përmirësimin e projektit është pikërisht plotësimi i nivelit të lartë punës transparente të komunës, programet për komunikim me qytetarët dhe publiku tjetër qëllimor. Të pranishmit parashtruan edhe gjendje tjera dhe sfida me të cilat ballafaqohen në punën e tyre, ndërsa në fund miratuan konkluzion që punëtoria e ardhshme që do t'a organizojë BNJVL do t'i dedikohet temës - ,,Transparenca aktive e komunës, dispozitat ligjore dhe aktivitetet"










**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

---

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk